USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

# ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО (ПМИО)



## ШТО ПОСТИГНАВМЕ ДОСЕГА?

**ПМИО е четиригодишна иницијатива со буџет од 5,2 милиони долари со која се опфатени сите основни и средни училишта во Македонија. Главната цел на ПМИО е да ја зајакне свеста и да обезбеди различни обуки и техничка поддршка и да ги поттикне училишните одбори, директорите, наставниците и администрацијата за поддршка на меѓуетничката интеграција во образованието.**
**Во проектот, во периодот јануари - јуни 2014 година, е постигнато следното, за секоја од четирите компоненти кои се меѓусебно поврзани и се надополнуваат:**

### ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА И НА ЗАЕДНИЦИТЕ

- **Подготвителни состаноци за избор на училишта за спроведување креативни работилници во новите шест општини од Фаза 3** се одржаа во Кавадарци, Кочани, Прилеп, Гостивар, Охрид и Скопје во соработка со партнер организацијата Центар за изведувачки уметности „Мултимедија“ на кои се презентираа активностите од проектот и беа договорени училиштата кои ќе се вклучат на обуките и креативните работилници за промоција на културен диверзитет и меѓукултурен дијалог.
- **Обука за обучувачи за креативни работилници** беше реализирана со наставници од избраните шест училишта од Фаза 3 со цел да се изградат нивните капацитети за подготовка на модули и водење на претстојните 12 креативни работилници со учениците.
- **Креативни работилници** беа спроведени во рамките на избраните шест училишта во новите општини во Фаза 3, со цел градење на капацитетите, проширување на знаењата и вештините на наставниците за развој и примена на меѓуетничка интеграција преку креативни методи и пристапи.
- **Форум театар дебата** беше одржана со тимот на ПМИО, партнер организациите, претставници на УСАИД како и мастер обучувачите вклучени во пректот.
- **Три форум театар дебати** беа одржани со наставници-членови на тимовите за училишна интеграција од основни и средни училишта од повеќе општини што беше искористено како алатка за дискусија во контекст на меѓуетничка интеграција во образованието.
- **Шест обуки за изработка на мултимедијални интернет содржини во контекст на меѓуетничка интеграција во образованието (Млади преку медиуми)** во соработка со МИМ беа одржани на кои присуствуваа по двајца ученици и наставници од средни училишта од регионите на Скопје, Кавадарци, Прилеп, Кочани, Гостивар, Охрид и дел од средните училишта од Скопје. Овие обуки им помагаат на наставниците и учениците да развијат вештини за подготовка на мултимедијални интернет содржини преку кои ќе ги промовираат активностите на нивните училишта.
- **Јавни дебати** во рамките на активноста „Дебати за интеграција во училиштата” беа одржани во дебатните клубови на средните училишта од општините Куманово, Кичево, Штип, Чаир и Струга на кои учениците дебатери ги искажаа своите ставови преку дебата на теми поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието.



*Обука за обучувачи за креативни работилници со наставници од избраните шест училишта од Фаза 3, одржана во Скопје.*




*Форум театар работилница со наставници-членови на СИТ од основни и средни училишта од повеќе општини од Македонија, одржана во Скопје*

# Ги очекуваме вашите приказни, настани и новости...

➲

- **Изготвено кратко видео со учесници на креативни работилници** од средното училиште „Арсени Јовков“, по повод 8 март, ден на жената во кое се зборува за придобивките од креативните работилници. Видеото е објавено на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=WuyZ7KiHGxA
- **Презентирани завршните продукти од истражувањето на студија на случај** од страна на учениците на средното училиште „Димитрија Чуповски“ во Велес. Тимот од десет млади истражувачи составен од претставници од секоја етничка заедница застапена во училиштето ги презентираше добрите практики произлезени од истражувањето.
- **Заеднички ученички активности и завршни промотивни настани** за продуктите од активностите помеѓу партнер училиштата беа проследени и документирани од страна на тимот на ПМИО. Стории од активностите и презентациите беа објавени на веб страницата на ПМИО.
- **Свечени настани на сечење на лента** беа организирани во три училиштата во општините Виница, Битола и Кочани за одбележување на успешно завршување на процесот на реновирање.

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА УЧИЛИШНОТО РАКОВОДСТВО И НАСТАВНИЦИТЕ

- **Одржан Форум за меѓуетничка интеграција во образованието** на наставничките факултети во Македонија, со цел да се развие концептот за примена на меѓуетничка интеграција во образованието на наставничките факултети.
- **Седум регионални состаноци** беа организирани во Кочани, Кавадарци, Прилеп, Гостивар, Охрид и Скопје со претставници од општините, основните и средните училишта кои се вклучени во Фаза 3 на имплементација на проектот со цел учесниците да се запознаат со концептот за меѓуетничката интеграција во образованието и да добијат насоки за отпочнување на проектните активности.
- **Направена ревизија на базичниот модул за обуки за МИО** во кој се додадени практични активности и видео презентација со примери на успешни практики за унапредување на меѓуетничка интеграција во образованието. Додадена е и сесија за следење на МИО активности на ниво на училиште и направени се промени во годишното планирање.
- **Еднодневна работилница со мастер обучувачите за менторска поддршка** одржана со цел да се развијат вештините на обучувачите за менторство преку практикување на техники и стратегии за давање повратни информации за заедничките активности на учениците со мешан етнички состав.
- **Завршени обуките на тимови за училишна интеграција** од циклусот тродневни обуки со ТУИ од 183 основни и средни училишта вклучени во Фаза 3 со цел да се запознаат учесниците со концептот за МИО.
- **Во соработка со тимот на државни просветни инспектори беа прилагодени инструментите во Прирачникот за интегрална евалуација** со што е овозможено вклучување на елементи од меѓуетничката интеграција во соодветните инструменти што се користат при интегралната евалуација.

➲



*Јавна дебата помеѓу учениците од СУ „Цветан Димов“ од Град Скопје и СУ „Јосип Броз Тито“ од општина Центар. Настанот е дел од циклусот наречен „Дебати за интеграција во училиштата“. Настанот се одржа во општинската зграда на Чаир.*

### ФОТОГРАФИЈА НА МЕСЕЦОТ



*Се потпиша Меморандум за партнерство помеѓу училиштата ОУ „Форина“, Гостиварско, и ОУ „Никола Карев“ од Кочани за време на свечен настан на сечење лента*

*Ги очекуваме вашите приказни, настани и новости...*

- **Дводневна работилница** одржана во Струга за обука на наставници - тренери за заеднички спортски и забавни активности со учениците на која учествуваа тимови од наставници од 10 основни повеќејазични училишта.
- **Четири менторски средби за училиштата од Фаза 2 беа одржани** со цел поддршка на училиштата за успешна реализација и следење на активностите за меѓуетничка интеграција.
- **Менторски средби за претставници на стручните служби, Училишните одбори и општинските советници за образование од пилот Фаза и Фаза 2** одржани со цел да се согледа функционалната поставеност меѓу вклучените во ПМИО на локално ниво; да се добие повратна информација за статусот на реализација на МИО активностите и да се дефинираат клучни активности за целните групи.
- **Реализирани заеднички спортски и забавни активности** на кои учествуваа 405 ученици и 44 наставници од девет основни училишта.
- **Прва менторска средба спроведена** со 182 училишта од Фаза 3 со цел да биде обезбедена стручна поддршка на ТУИ за спроведување на обуките за дисеминација на училишно ниво.
- **Обуки со претставници на стручни служби и училишни одбори за училиштата од Фаза 3** реализирани со 158 училишта во осум групи на претставници со цел да се запознаат учесниците со пристапи, методи и активности за вклучување и активно учество на родителите во меѓуетничка интеграција во училиштата, и за практичен придонес на училишните одбори во промените за МИО.
- **Концептот за МИО беше вграден во предметни програми на наставничките факултети**, поопшти промени беа внесени во осум наставни програми, од кои во четири наставни програми беа внесени промени подетално со наведени дескриптори.



*Спортски и забавни активности со ученици од ОУ „Алија Авдовиќ“ од с. Батинци, општина Студеничани*



*Ученици на промотивен настан на продукти од заедничките ученички активности помеѓу ОУ „Браќа Рамиз Хамид“ од општина Шуто Оризари*

## МОДЕЛ-УЧИЛИШТА

- **Консултативни средби со СИТ и реализатори на активности** одржани во секое модел училиште за идентификување на добрите практики при реализација на проектните активности. Претставен беше и модел за креирање на презентација за промовирање на проектот.
- **Консултативни средби** одржани со тимовите вклучени во следење на проектните активностите во модел училиштата при што беа анализирани постигнувањата со фокус на следните предизвици за секое училиште посебно.
- **Организирани промотивни настани** за проектните активности на модел училиштата за се што се работело во училиштата во првото полугодие, по што секое училиште настапи со една интегрирана точка.
- **Одржана дводневна обука за училишни одбори** од сите модел училишта на која беа присутни советници од БРО, одговорни за следење на активностите во модел училиштата, како и претставници на партнер организацијата Сумнал со цел да се сензибилизираат членовите на УО за МИО активностите.
- **Редовни средби за поддршка** реализирани во модел училиштата од страна на тимот на ПМИО со фокус на следење на активностите, подобрување од аспект на постигнување меѓуетничка

*Ги очекуваме вашите приказни, настани и новости...*

➲

интеграција и планирање на завршни промотивни настани со продуктите од проектните активности.

- **Обуки за вклучување на родителите во училишни активности** организирани со родители од шест модел училишта со цел да запознаат со концептот на интегрирано училиште од аспект на меѓуетничка интеграција по што беа изработени и конкретни акциони планови.
- **Пилотирани осум работилници за усвојување јазик** во ОУ „Петар Здравковски ПЕНКО“ од Скопје, по четири работилници за две формирани групи од по 20 ученици кои учат на македонски и албански наставен јазик.
- **Дводневна обука за родители за подигање на свеста за потребата од учење на јазикот на соседите** одржана со родители од сите основни модел училишта со цел да се овозможи спознавање на различни стратегии за изучување на јазикот на „соседот“ како и спознавање на бариерите кои го оневозможуваат тоа.
- **Две обуки со членовите на СИТ-от од модел училиштата** одржани со СИТ-овите од сите основни и средни модел училишта со цел градење на групна кохезија и соработка меѓу членовите на СИТ-от од секое училиште.
- **Две обуки за продукција на мултимедијални интернет содржини во контекст на меѓуетничка интеграција во образованието** одржани со цел да им се обезбедат основни вештини и знаење за креирање на мултимедијални содржини на реализаторите на активности од модел училиштата.
- **Организирани четири приредби во модел училиштата** по повод 7-ми март, Денот на албанскиот наставник и 8-ми март, Денот на жената на кои беа реализирани интегрирани точки од страна на ученици од различни наставни јазици.
- **Реализирани активности со иницијатива на родителите**, во ОУ „Братство Единство“ од Охрид - прослава на народниот празник Летник, во ОУ „Санде Штерјоски“ од Кичево - изработка на хартиени украси по повод денот на пролетта, во СЕУ „Гостивар“ - спортски турнир во мал фудбал и многу други активности.
- **Работилници со СИТ-овите од партнерските модел училишта** одржани со цел да се развие стратегија за натамошно реализирање на проектните активности, како и согледување на ефектите од проектните активности.
- **Три промотивни настани во модел училиштата** одржани во Куманово, Охрид и Гостивар на кои се промовираа активностите и продуктите преку саемски штандови, преку прикажување на мултимедијални содржини од сите преземени активности во училиштата во рамки на ПМИО и настапи на интегрирани тимови со одредени културно забавни точки. На настаните присуствуваа голем број на наставници, ученици, родители како и претставници на локални образовни институции.
- **Реализирана самоевалуација на партнер модел училиштата** од Куманово со 60 ученици, 30 родители и сите наставници како испитаници по што резултатите беа обработени од тимот на ПМИО и се презентираа на работна средба.





*Пилотирање работилници за усвојување јазик со првоодделенци од ОУ„Петар Здравковски Пенко“ од Скопје.*

## СТИМУЛ ЗА УЧИЛИШТАТА

- **Повик за аплицирање** доставен до 138 средни и основни училишта од 30 општини кои имаат право да аплицираат за избор на 10 нови училишта кои ќе бидат вклучени во активностите на Компонентата 4 за 2014.
- **Избрани 10 училишта кои ќе бидат вклучени во активностите од Фаза 3 на Компонента 4 во 2014 година**. Беа пристигнати 99 апликации од страна на училиштата што претставува 70% одзив.
- **Избрани три модел училишта кои ќе бидат вклучени во Компонента 4 во 2014 година**.

| Избрани училишта во Компонента 4 – Фаза 3 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пелагонија | Прилеп | Тополчани | ОУ | Круме Волнароски |
| 2 | Скопје | Кисела Вода | Драчево | ОУ | Кузман Шапкарев |
| 3 | Полог | Гостивар | Чајле | ОУ | Чајла |
| 4 | Пелагонија | Кривогаштани | Обршани | ОУ | Јонче Смугрески |
| 5 | Скопје | Ѓорче Петров | Скопје | ОУ | Ѓорче Петров |
| 6 | Скопје | Илинден | Илинден | ОУ | Гоце Делчев |
| 7 | Пелагонија | Крушево | Крушево | ОУ | Наум Н. Борче |
| 8 | Југоисток | Богданци | Богданци | ОУ | Богданци |
| 9 | Полог | Врапчиште | Врапчиште | ОУ | Врапчиште (Чеде Филипоски) |
| 10 | Југозапад | Дебар | Долно Косоврасти | ОУ | Ристе Ристевски |
| **Модел училишта** | | | | | |
| 1 | | Охрид | | ОУ | Братство Единство |
| 2 | | Кичево | | ОУ | Санде Штерјоски |
| 3 | | Гостивар | | СЕОУ | Гостивар |

- **Формирани тимови за реновирање на училишта (ТРУ)** во 10 училишта од Фаза 3 и во три модел училишта.
- **Обуки за ТРУ за одржување на училиштата** беа одржани во сите 13 училишта од Фаза 3 со фокус на идентификување на потребите за реновирање, дефинирање на приоритетите и подготовка на апликација за реновирање.
- **Обуки за ТРУ за одржување на училиштата** беа одржани во истите училишта со фокус на подготовка на годишни планови и буџети за одржување на училиштето и собирање на дополнителни средства.
- **Извршен технички прием во ОУ „Никола Карев“ од општина Кочани** на активностите за изградба на главен влез во училишната зграда во ОУ „Никола Карев“ од општина Кочани финансирани од МОН.
- **Подготвен заеднички план за заштита на животната средина** од активностите за реновирање на училиштата кои би можеле да имаат потенцијално негативно влијание. Планот е доставен и одобрен од УСАИД. Активностите за реновирање во училиштата опфатени во работата на Компонента 4 во 2014 година ќе се одвиваат согласно овој план за заштита на животната средина.
- **Меморандуми за соработка** потпишани со градоначалниците на општините и директорите на училиштата за реновирање на осум училишта од Фаза 3 со кои сите вклучени страни преземаа активности во процесот на реновирање.
- **Распишани јавни тендери за избор на најповолни изведувачи** на активностите за реновирање на осум училишта, а за сите тендери се организира јавно отворање на понудите.



*Потпишување Меморандум за соработка за преземање на обврски при изведба на проектот за реновирање во ОУ „Ѓорче Петров“, Скопје.*

*Ги очекуваме вашите приказни, настани и новости...*

**Контактирајте со нас и споделете на адреса: ул. Козле 1-б, 1000 Скопје, info@mcgo.org.mk**



*Обука за проценка на училишни објекти на која присуствуваа претставници од ОУ „Санде Штерјоски“ од Кичево, ОУ „Братство Единство“ од Охрид и „Ристе Ристевски“ од Д. Косоврасти, Дебар.*



*Свечено сечење лента со кој се одбележа крајот на процесот на реновирање во основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ од Битола.*

## *ДАЛИ ЗНАЕТЕ ДЕКА?*

Facebook страната на УСАИД Македонија заедно со Пакистан, Непал и Јордан се водечки земји со најмногу посетители.

Во моментов имаме над 16,000 „лајкови“.

Продолжете да ја посетувате Facebook страната на УСАИД Македонија

**Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието** е имплементиран во партнерство со седум локални организации: Центар за човекови права и разрешување конфликти, Љоја, Сумнал, Мултимедиа, Моја кариера, Македонски институт за медиуми и Младински образовен форум.

## *КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ И СОВЕТИ*

Нашата веб-страница

**www.pmio.mk**

ви нуди информации во врска со Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието - настани, приказни и разни можности, подготвени и овозможени од тимот на проектот и нашите соработници.

**Ве покануваме да ја посетите!**

*Ние сме и таму присутни со нашите успешни приказни!*

## *НЕШТО НЕЗАДОЛЖИТЕЛНО ОД ПМИО*



*По повод 8 март Магдалена и Артиана, ученици кои беа дел од креативните работилници во средното училиште „Арсени Јовков“ од Скопје, зборуваат за пријателство кое настанало помеѓу нив за време на работилниците.*

Информациите дадени во овој информатор не се официјални информации на Владата на САД и не ги претставуваат гледиштата или ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на САД.